РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 08-3619/1
15.08 2022 год.
КРИВА ПАЛАНКА

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а во врска со член 6 став 1 алинеја 5 од Законот за волонтерството („Службен весник на Република Македонија" бр. 85/07, 161/08, 147/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/19 и 103/21) и Програмата за волонтирање во Општина Крива Паланка бр.08-3613/1 од 15.09.2022 година, Општина Крива Паланка објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**За аплицирање на кандидати за волонтирање во Општина Крива Паланка**

Општина Крива Паланка со овој јавен повик ја објавува потребата за организирање на волонтерска работа и ангажирање на 1 (еден) волонтер, кој ќе извршува волонтерска работа во рамките на надлежноста на Општината во Секторот за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура - Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура

Ангажираниот волонтер доброволно ќе ги извршува следните активности

- утврдување регулациона, градежна и нивелациона линија;
- геодетско – геометриските стандарди при изведба на проекти од локално значење и други геодетски и геометриски работи;
- скенирање и размерување на податоци;
- соработка со Агенцијата за катастар на недвижности и други надворешни субјекти;
- теренски работи за одредување на коти, ажурирање увид и усогласување на геодетски подлоги и други работи кои ке му бидат доверени а соодејствуваат на неговата струка и образование.

Потребен профил на стручен кадар, кој ќе биде ангажиран како волонтер е: ДИПЛОМИРАН ГЕОДЕТСКИ ИНЖЕНЕР.

Времетраењето за ангажирање на волонтерот ке биде во траење од 6 – шест месеци од денот на склучувањето на договорот.

Напомена: На ангажираните волонтери ќе им биде исплатен надоместок на трошоци за храна и превоз, согласно член 10 од Законот за волонтерство („Сл. весник на РМ„ бр. 85/2007, 161/2008, 147/2015 и „Сл. весник на РСМ„ бр.124/2019 и 103/2021) најмногу до 15% од просечната месечна плата во Република Северна Македонија исплатена во претходната година.

Кандидатите кои ќе поднесат апликација за волонтерство во Општина Крива Паланка треба да имаат завршено високо образование од соодветната област, да имаат или да немаат работно искуство во струката.

Апликацијата за волонтерство во Општина Крива Паланка, заинтересираните кандидати можат да го поднесат секој работен ден во период 07.30 – 15.30 часот, во архивата на Општина Крива Паланка ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 Крива Паланка, со назнака „За јавен повик за ангажирање волонтери".

Кон апликацијата за волонтерство во Општина Крива Паланка, заинтересираните кандидати треба да приложат:

- фотокопија од лична карта,
- фотокопија од уверение или диплома за завршено високо образование од соодветната област
- кратка биографија
- мотивационо писмо.

Незадолжително апликантите можат да приложат и сертификати за посетени обуки во области кои соодветствуваат со видот на нивното образование, доказ за работно искуство доколку поседуваат, познавање на работа со компјутери, познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).

Рокот за пријавување на кандидати за волонтери во Општина Крива Паланка трае пет дена од денот на објавување на повикот согласно на Програмата за волонтирање на Општина Крива Паланка.

Селекција и избор на волонтерите кои ќе поднесат апликација за волонтирање ќе изврши Комисија составена од 3 (три) члена, формирана врз основа на Решение на Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

Изборот на кандидатите за волонтери во Општина Крива Паланка ќе биде направен согласно критериумите и потребите на Општината, по соодветна евалуација на поднесените документи а по потреба и спроведено интервју со пријавените кандидати.

Кандидатите кои ќе бидат избрани за волонтери во Општина Крива Паланка ќе потпишат Договори за волонтерство во кои поконкретно ќе бидат утврдени условите, начинот, правата и обврските од волонтерството и волонтерскиот ангажман, а во согласност со одредбите од Законот за волонтерството и Порграмата за волонтирање во Општина Крива Паланка.

Лице за контакт : Раководител на одделение за човечки ресурси Игор Додевски.

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА